ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Софтверско решение за заштита на укажувачи

Корисничко упатсво за укажувачи

Проектот е финансиран од Европската Унија

Промовирање на транспарентност и одговорност во јавната администрација на Северна Македонија

ЕУ со ТЕБЕ

Вовед

Системот за заштита на укажувачи, воспоставен од страна на Државната комисија за спречување на корупција, овозможува безбеден начин на пријавување и комуникација со одговорните лица во комисијата. Укажувачите, користејќи ја достапната апликација можат на едноставен начин да отворат предмет во ДКСК, и воедно да останат во комуникација со ДКСК за понатамошни постапувања или дополнителни информации.

Во продолжение е дадено упатство за користење на апликацијата, како и сликовит приказ на истото.

Превземање и инсталација

Апликацијата за заштита на укажувачи претставува портабилна Windows апликација, која можете да ја искористите на вашите Windows 7/8/10 персонални компјутери. Апликацијата можете да ја превземете од страната на ДКСК која се наоѓа во менито „Укажувачи“, подмени „Софтвер за заштита на укажувачи“.



Слика 1. Превземање на софтверот за заштита на укажувачи



Слика 2. Превземање на софтверот од страната на ДКСК

По превземањето на апликацијата, која е достапна како архива која самата се инсталира „Ukazuvac setup.exe“, по чие стартување, нуди можност за избор на локација каде да се отпакува содржината.



Слика 3. Стартување на инсталацијата

При инсталацијата на софтверот, потребно е да ја изберете локацијата каде сакате да биде инсталирана. Притоа водете се по следните насоки:

- Доколку компјутерот каде се инсталира е личен – одберете ја предложената локација (C:\DKSK\)
- Доколку на компјутерот се најавни со личен профил на кој други лица немаат пристап – изберете нова локација во вашиот профил, пр. Desktop и креирајте фолдер Ukazuvac
- Доколку компјутерот каде работите не е личен и други лица имаат пристап – инсталирајте го софтверот на преносliв медиум/USB диск (пр. D:\DKSK)



Слика 4. Инсталација на софтерот – избор на локација

По инсталацијата на апликацијата, ќе се појави соодветната папка, каде во истата има повеќе датотеки. За да се стартува апликациајта потрено е да се избере датотеката која се нарекува „Ukazuvac“ и истата е препознатлива по иконата (Слика 5).



Слика 5. Завршена инсталација

Поднесување на предмет

При стартување на апликацијата се појавува насловната страна каде достапни се три подменија:

- Почетна
- Предмет
- Сандаче



Слика 6. Почетна страница

Подмени „Предмет“

Поднесувањето на нови предмети до ДКСК започнува со избор на менито:





Слика 7. Екран за креирање на нов предмет

Прикажаниот екран, содржи низа од полиња кои е потребно да бидат пополнети од страна на укажувачот. Апликацијата ве води во процесот на пополнување при што потребно е да се пополнат:

- Име и презиме
    - Име и презиме на укажувачот. Личните податоци на укажувачот се видливи единствено за овластеното лице во ДКСК.
- Категорија

- Во ова поле се одбира категоријата на укажувачот и неговиот однос со институцијата за која се врши пријавата согласно Законот за заштита на укажувачи.

- Лице кое го пријавувате
  - Име и презиме на лицето кое се пријавува за сторени неплавилности или незаконитости
- Институција
  - Институција каде лицето кое се пријавува е во работен однос
- Функција
  - Позиција на лицето кое се пријавува
- Предмет
  - Предмет на пријавата
- Информација за извршено/неизвршено заштитено внатрешно пријавување
  - Доколку лицето кое пријавува, извршило заштитено внатрешно пријавување, доставува информација за датумот и лице на кое е извршено заштитено внатрешно пријавување.
  - Доколку укажувачот не извршил внатрешно пријавување, наведува дека не е извршено внатрешно пријавување.
- Содржина на пораката
  - Во овој дел се објаснува предметот на пријава во детали.
- Прикачени документи (докази)
  - Укажувачот ги приложува/прикачува доказите кои упатуваат на стореното прекршок
  - Документи можат да бидат .pdf и слики во .png, .jpeg, .jpg формат.
  - Со избор на може да се прикачат сите документи од една папка
  - Со избор на може да се прикачи една датотека
  - Дополнително доколку погрешно сте прикачиле некоја датотека, истата може да ја отстраните со користење на копчето .

Сите полиња се задолжителни и мора да бидат пополнети. Единствено опционално е да не прикачите докази.

При избор на копчето „Испрати“, пополнетиот предмет се испраќа до ДКСК. Доколку испратите поголеми документи или поголем број на документи, процесот на праќање може да е подолг.

При успешно поднесен предмет, се испишува порака „Испратено“ во долниот дел на прозорецот и сите полиња ќе се избришат.

Подмени „Сандаче“

Во делот „Сандаче“ се наоѓаат сите досега испратени предмети од апликацијата од страна на укажувачот, како и листа од пораки за секој предмет. Листата од предмети се прикажува во горниот лев агол, додека листата од пораки за секој извбран предмет се наоѓа во долниот лев агол. По изборот на предмет, и изборот на саканата порака, во десниот дел на апликацијата ќе се прикажат детали за предметот, како и содржината на испратените пораки.



Слика 8. Приказ на сандаче и преглед на порака

Доколку укажувачот сака да испрати дополнителна порака во рамки на веќе постоечки предмет, истото може да го стори со избор на копчето „Одговори“ во долниот лев дел, при што во десниот дел ќе се појават полиња каде може да се пополни содржината на новата порака, како и да се прикачат дополнителни датотеки.



Слика 9. Приказ на сандаче и испраќање на нова порака за предмет